# Стандард на занимање

| | |
|---|---|
| **Назив на СЗ** | Инсталатер за енергетски ефикасни уреди и системи |
| **Код на СЗ** | 0930.40.04 |
| **Сектор** | МАШИНСТВО |
| **Ниво на сложеност на работни задачи** | IV (четврто) |
| **Опис на занимањето** | Инсталатерот за енергетски ефикасни уреди и системи изведува инсталација, пуштање во работа, проверка на исправност, одржување, дијагностицирање и сервисирање уреди и системи за греење, вентилација и климатизација и подготовка на санитарна топла вода кои се базираат на принципите на енергетска ефикасност и употреба на обновливи извори на енергија. Тој работи со уреди и системи како што се: индивидуални уреди за загревање, системи за централно греење (вклучително и површинско греење – подно, ѕидно, таванско), топлински пумпи, клима-уреди, мултисплит и VRV/VRF(VariableRefrigerantVolume/VariableRefrigerantFlow) системи, централни системи за климатизација, вентилациски системи и соларни колектори за подготовка на топла вода.<br>Инсталатерот планира активности, подготвува соодветни алати, опрема, компоненти и простор за реализација на работните задачи, во согласност со техничката документација и препораките на производителите. Применува мерки за безбедност, енергетска ефикасност и заштита на животната средина. Врши проверка на техничката исправност на системите, изведува потребни мерења, приспособувања и пуштање во работа на новоинсталирани или сервисирани уреди. Утврдува дефекти и неправилности и презема соодветни активности за нивно отстранување или по потреба упатува уреди/компоненти на понатамошна експертска обработка.<br><br>Инсталатерот ги следи технолошките трендови, чита и применува технички цртежи, шеми и упатства, користи современи дигитални алати и комуникациски системи вклучувајќи и паметни (smart) уреди и апликации за следење, програмирање и оптимизирање на системите. Води работна документација за инсталација, одржување и интервенции, изготвува извештаи и учествува во подготовка на технички предлози за корисници.<br><br>Инсталатерот комуницира со надредени, колеги и крајни корисници, дава насоки за рационално користење на енергијата и укажува на можности за дополнително зголемување на енергетската ефикасност во објектите. Применува процедури и стандарди за квалитет, постапува според упатства за заштита на здравјето и безбедноста при работа, мерки за заштита од пожари и заштита на работната и животната средина.<br><br>Во секојдневната работа користи современи технологии, мерни инструменти за одредување технички параметри, како и соодветни алати и опрема, при што се води според технички норми и препораки на производители и регулативи. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| 1. | Анализирање, планирање и | Анализа, планирање и организација на работните активности | 1. Прием и анализа на работен налог и техничка документација (техничко-технолошка документација, прирачници и |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | организирање на работата | | упатства за работа и одржување, контролни листи итн.), во согласност со барањата на работната задача.<br>2. Планирање временски распоред на извршување на работата по фази, во согласност со барањата на работната задача и во договор со претпоставените.<br>3. Планирање неопходни ресурси за извршување на работните задачи во согласност со релевантната техничко-технолошка документација (човечки ресурси, материјали, опрема, резервни делови и сл.).<br>4. Организирање групи работници/изведувачи надлежни за извршување на работите.<br>5. Координирање на сопствените активности со активностите на соработниците и деловните партнери.<br>6. Организирање на работата на одржлив начин според принципите на одржливост и енергетска ефикасност. |
| 2. | Подготовка за работа | Подготовка на ресурси и работно место за извршување на работите | 1. Проверка на условите за работа на работното место во согласност со општите мерки за заштита на здрављето и безбедноста при работа (осветлување, загадување, извори на физичка опасност, метеоролошки услови и слично) земајќи ги предвид специфичните/индивидуалните потреби на вработените.<br>2. Подготовка на работното место во согласност со дневниот план за работа и приоритетите на работа според упатствата и прописите за здравје и безбедност при работа.<br>3. Подготовка на алатите, специјалните алати, приборот и машините (дигалките), мерните уреди потребни за реализација на работната задача, во согласност со техничко-технолошката документација и техничките прописи.<br>4. Подготовка за работа и подготовка на заштитните средства и заштитната опрема.<br>5. Одржување хигиена на работното место, алати и опрема по завршувањето на работната задача. |
| 3. | Оперативни работи | **Инсталирање уреди и системи за индивидуално и** | 1. Чита и толкува техничка документација, цртежи и шеми. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | **централно загревање, вклучително и површинско загревање** | 2. Избира и користи соодветни материјали, алати и приклучоци.<br>3. Изведува монтажа на уреди и поставување цевководи согласно со стандардите.<br>4. Врши електрични и хидраулични приклучоци на уредите.<br>5. Изолира цевководи и грејни површини.<br>6. Спроведува функционални тестови (притисок, проток, температура).<br>7. Применува безбедносни мерки и стандарди за заштита на животната средина. |
| | | **Монтажа, интеграција и пуштање во работа на топлински пумпи во постоечки системи** | 1. Подготвува и проверува уреди и компоненти за монтажа.<br>2. Изведува монтажа на топлински пумпи и нивно поврзување со постоечки системи.<br>3. Конфигурира системи и контролни уреди.<br>4. Изведува првични мерења и тестирања на работни параметри.<br>5. Дијагностицира и коригира основни неисправности.<br>6. Води техничка евиденција за извршените работи. |
| | | **Инсталирање и поврзување системи за климатизација: сплит, мултисплит, VRV/VRF и централни системи** | 1. Чита техничка документација и спецификации.<br>2. Монтира внатрешни и надворешни единици согласно со упатствата.<br>3. Врши спојување на фреонски линии и на електрични кабли.<br>4. Изработува канали и формира каналска мрежа.<br>5. Монтира делови на системот за климатизација (воздушни канали, климатизациски комори, елементи за дистрибуција на воздух).<br>6. Изолира каналска мрежа.<br>7. Користи опрема за вакуумско испирање и тестирање на системот.<br>8. Проверува функционалност и безбедност на системот.<br>9. Применува прописи за ракување со фреони и екологија. |
| | | **Инсталирање на вентилациски системи со и без рекуперација** | 1. Изработува канали и формира каналска мрежа.<br>2. Монтира и фиксира воздуховоди, вентилатори, рекуператори, вентилациски комори и елементи за дистрибуција на воздух.<br>3. Поврзува електрични и контролни уреди.<br>4. Изолира каналска мрежа.<br>5. Изведува мерења на проток и на притисок.<br>6. Тестира исправност и функционалност на системот. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | 7. Почитува безбедносни стандарди и упатства. |
| | | **Инсталирање и поврзување на соларни термални системи** | 1. Монтира соларни колектори согласно со монтажните цртежи.<br>2. Поврзува хидраулични и електрични компоненти.<br>3. Изведува изолација на цевководи и системски компоненти.<br>4. Спроведува тестирање и пуштање во работа.<br>5. Применува заштитни мерки и стандарди за животната средина. |
| | | **Пуштање во работа на инсталирани системи** | 1. Изведува техничко тестирање (притисок, температура, проток, електрични параметри и сл.).<br>2. Дијагностицира основни неисправности при пуштање во работа.<br>3. Приспособува параметри и системски функции.<br>4. Води евиденција за тестирањата и резултатите. |
| | | **Спроведување периодично и интервентно одржување и дијагностицирање дефекти** | 1. Врши визуелна контрола и мерења за дефекти.<br>2. Отстранува дефекти користејќи соодветни алати и техники.<br>3. Заменува потрошни и оштетени делови.<br>4. Извршува систематски прегледи и регулаторни активности.<br>5. Води техничка документација за интервенциите. |
| | | **Интегрирање, програмирање и подучување корисници за паметни системи за управување и рационално користење на енергијата** | 1. Инсталира и поврзува паметни уреди и сензори.<br>2. Програмира системи користејќи софтвер и алатки.<br>3. Изведува тестирања на интегрираните системи.<br>4. Открива и отстранува грешки во програмирањето и комуникацијата.<br>5. Подучува корисници за работа и рационална експлоатација на системите. |
| 4. | Комерцијални работи | Набавка на ресурси за работа, формирање цена, промоција и продажба на услуги | 1. Анализира и толкува понуди и ценовници за компоненти, уреди и системи со висока енергетска ефикасност.<br>2. Пресметува вкупни трошоци за инсталација и сервис вклучувајќи материјали, работна сила, алати и логистика.<br>3. Подготвува и презентира понуди и решенија за енергетски ефикасни системи во согласност со барањата на клиентот и техничките услови. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | 4. Оценува економски исплатливи решенија според енергетскиот биланс, враќање инвестиција (ROI) и оперативни трошоци.<br>5. Комуницира со клиенти, набавувачи и партнери за обезбедување потребна техничка и комерцијална документација.<br>6. Користи дигитални алатки за планирање, пресметка на заштеда на енергија и подготовка на комерцијални извештаи.<br>7. Води основна административна евиденција за понудени, договорени и извршени услуги поврзани со енергетски ефикасни инсталации. |
| 5. | Административни работи | Водење работна документација | 1. **Евидентира и архивира техничка и комерцијална документација за инсталирани системи и уреди**<br>- пополнува и чува записи за вградени уреди, компоненти, датум на инсталација, локација и изведувач;<br>- организира документацијата според важечките протоколи.<br>2. **Користи стандардизирани обрасци и формулари за извршените активности**<br>- пополнува обрасци за примопредавање, потврди за извршени работи и извештаи за испитувања.<br>3. **Води електронска евиденција на активности и сервиси**<br>- работи со едноставни апликации/софтвери за техничка евиденција и планови на одржување.<br>4. **Изготвува и доставува технички извештаи до надредениот или инвеститорот**<br>- изработува куси технички белешки, процена за материјали и состојба на системите.<br>5. **Овозможува следење историја на интервенции за енергетски ефикасни уреди и системи**<br>- води записници за одржување, поправки, замена на делови и мерени вредности. |
| 6. | Работи за осигурување на квалитет | Спроведување процедури за осигурување квалитет на работата | 1. Примена на технички прописи, стандарди за квалитет, внатрешни процедури и упатства при извршување работни задачи во согласност со важечката регулатива.<br>2. Извршување влезен контролен преглед на материјали, резервни делови, алати, опрема, |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | уреди и други ресурси за работа во согласност со прописите и спецификациите.<br>3. Користење уреди, алати и опрема во согласност со упатствата на производителот.<br>4. Контрола на извршените работи по фази во согласност со работниот налог/упатство на производителот/планот за контрола.<br>5. Решавање рекламации.<br>6. Редовни учества на стручни едукативни курсеви/обуки за примена на стандардите, новите техники и технологии, како и тренинзи за развој на трансверзални/меки вештини.<br>7. Оценување на личната работа и работата на соработниците земајќи ги предвид специфичната природа на работата и карактеристиките на вработените (фаза на животот, физички способности итн.). |
| 7. | Одржување и поправки | Превентивно и планско и тековно одржување на средствата за работата. | 1. Користи техничка и сервисна документација за изработка на планови за одржување на уредите и системите.<br>2. Извршува редовни проверки на функционалноста на уредите и инсталациите согласно со утврдените процедури.<br>3. Врши чистење, подмачкување и замена на потрошни материјали и делови на системите.<br>4. Користи специјализирани алатки и мерни уреди за утврдување техничка состојба.<br>5. Идентификува, отстранува и евидентира евентуални дефекти или ненормалност при одржување.<br>6. Применува безбедносни мерки за лична заштита и заштита на опремата при изведување одржувачки активности.<br>7. Координира активности со други стручни лица за планирано и интервентно одржување и сервисирање.<br>8. Пополнува и архивира работна и сервисна документација согласно со пропишаните стандарди.<br>9. Приспособува интервали и обем на одржување според состојбата на уредите и препораките на производителот.<br>10. Применува процедури за контрола на квалитетот по завршување на одржувањето. |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
| --- | --- | --- | --- |
| 8. | Комуникација | Комуникација со соработници, клиенти, надлежни институции и други учесници во процесот на работа | 1. Комуникација со надредените, соработниците, клиентите, надлежните институции и други со примена на правила за вербална и невербална комуникација.<br>2. Воспоставување и одржување внатрешна и надворешна комуникација на професионален и етички начин со следење на правилата за деловна комуникација, во согласност со принципите на еднаквост во однос на пол, раса, националност, религија, култура итн. користејќи современа информатичко-комуникациска техника - ИКТ.<br>3. Работа во тим со правилно применување на принципите на тимската работа.<br>4. Примена на мотивациски техники за воспоставување добра комуникација со другите.<br>5. Давање инструкции на соработниците и работната група за извршување на работната задача користејќи јасна и стручна терминологија.<br>6. Решавање внатрешни и надворешни поплаки и недоразбирања користејќи соодветни техники за решавање конфликти.<br>7. Известување на надредениот за извршената работна задача со користење јасна и професионална (стручна) терминологија. |
| 9. | Здравје, безбедност и заштита при работа и заштита на животната средина | Спроведување постапки и мерки за безбедност и заштита на здравјето при работа | 1. **Применува прописи и стандарди за безбедност при работа при инсталација на енергетски ефикасни уреди и системи**<br>- го препознава ризикот на работното место;<br>- се придржува до процедурите за безбедна работа според упатствата;<br>- користи заштитна опрема (ППЕ) во согласност со прописите.<br>2. **Применува процедури за безбедно ракување со електрични, гасни и термотехнички инсталации**<br>- спроведува мерки за електрична безбедност при работа со инсталации;<br>- го исклучува напојувањето пред интервенција;<br>- контролира можни протекувања на гасови и течности или други опасности.<br>3. **Применува процедури за спречување несреќи и повреди при работа** |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
|---|---|---|---|
| | | | - се придржува до чекорите за обезбедување на работната зона;<br>- води евиденција за инциденти и потенцијални ризици;<br>- интервенира според планот за итен случај при опасни ситуации.<br>4. **Применува еколошки стандарди и мерки за заштита на животната средина**<br>- одвојува, селектира, складира и отстранува отпад согласно со екопрописите;<br>- работи со еколошки одобрен материјал;<br>- придонесува за намалување на јаглеродниот отпечаток при инсталација.<br>5. **Користи и одржува алати и опрема на безбеден начин**<br>- проверува техничка исправност на алатите и опремата;<br>- ракува со рачна, електрична и мерна опрема согласно со безбедносните упатства;<br>- спречува оштетувања и несакано искрење или истекување.<br>6. **Комуницира и соработува со други лица во насока на безбедна работа**<br>- координира со тимот за идентификација и елиминација на ризици;<br>- ги информира соработниците за потенцијални опасности;<br>- почитува кодекси за безбедна комуникација на терен. |
| | | Спроведување процедури и мерки за заштита на животната средина | 1. **Применува процедури за управување со отпад**<br>- селектира, собира и отстранува отпадни материјали (електрични, хемиски, градежни) во согласност со еколошките прописи;<br>- применува мерки за минимизирање на создавање отпад при инсталација или сервисирање на уреди и системи.<br>2. **Го намалува негативното влијание врз животната средина при работа**<br>- избира и користи еколошки материјали за заштита на животната средина;<br>- применува методи и техники за енергетска ефикасност при монтажа, тестирање и одржување на уредите и системите.<br>3. **Применува законска регулатива поврзана со заштита на животната средина**<br>- ги почитува националните и европските |

| Број | Функции на занимањето | Задачи на занимањето | Компетенции на занимањето |
| --- | --- | --- | --- |
| | | | прописи за емисии, загадување и одржливо работење;<br>- води евиденција за употребени, заменети и рециклирани компоненти според прописите.<br>4. **Употребува еколошки безбедни производи и технологии**<br>- преферира сертифицирани еколошки производи (со енергетска ознака, FSC, EU Ecolabel и сл.);<br>- ги познава придобивките и ризиците од новите зелени технологии во системите за греење, вентилација и климатизација.<br>5. **Применува мерки за заштеда на ресурси (вода, енергија, материјали)**<br>- при монтажа, предлага технички решенија што ја зголемуваат ефикасноста на системот;<br>- препознава и применува мерки за повторна употреба на компонентите;<br>- применува мерки кои ја намалуваат потрошувачката на енергија. |

| Знаење за занимањето/Вештини за занимањето |
| --- |
| **Знаење за занимањето:**<br><br>- Опишува основни поими и принципи на енергетската ефикасност.<br>- Објаснува карактеристики на енергетски ефикасни објекти.<br>- Објаснува како функционираат системите за греење, вентилација и климатизација.<br>- Разликува видови обновливи извори на енергија и нивната примена.<br>- Наведува придобивки од користење обновливи извори на енергија.<br>- Наведува стандарди и нормативи за енергетска ефикасност.<br>- Опишува карактеристики на изолациони материјали.<br>- Објаснува принципи на топлинска изолација и заштеда на енергија.<br>- Опишува видови цевководи, спојници и материјали што се користат при инсталации.<br>- Разликува типови енергетски ефикасни уреди и нивна намена.<br>- Објаснува принцип на работа на енергетски ефикасни уреди и системи.<br>- Објаснува основи на електротехника применливи кај енергетски уреди.<br>- Анализира технички цртежи и шеми на инсталации.<br>- Интерпретира техничка документација и упатства за монтажа.<br>- Идентификува мерки за заштита при работа со електрични и термички уреди.<br>- Наведува ризици при работа со енергетски системи.<br>- Објаснува законски регулативи поврзани со животната средина.<br>- Оценува влијанија на инсталации врз околината.<br>- Разликува процедури за собирање, селектирање и отстранување отпад од инсталации.<br>- Препознава услови за оптимална работа на енергетски систем.<br>- Препознава и анализира дефекти и неправилности кај уреди за греење и ладење.<br>- Оценува состојба на систем пред и по инсталација.<br>- Објаснува процедури за одржување и сервисирање. |

- Наведува критериуми за избор на системи според потребите и просторните можности на објектите.
- Препознава соодветни алати и опрема за специфични интервенции.
- Опишува последователни чекори при поставување инсталации.
- Разликува методи за поврзување (цврсти и флексибилни врски).
- Објаснува процес на вклучување систем во работа.
- Оценува можности за реконструкција или замена на постоечки системи.
- Интерпретира податоци добиени од дијагностички уреди.
- Опишува постапки за калибрација и мерење на потрошувачката.
- Препознава иновативни решенија за намалување на потрошувачката.
- Оценува ефикасност на системи преку споредба со стандарди.
- Објаснува постапки за изолација и нивната енергетска вредност.
- Опишува елементи на паметни енергетски системи (smart systems).
- Анализира фактори што влијаат на избор на опрема и поставеност.
- Оценува можности за примена на нови технологии во системите.
- Разликува технички решенија за намалување загуби на енергија.

**Вештини за занимањето:**

- Чита и толкува технички цртежи, шеми и упатства за монтажа.
- Избира соодветни алати и опрема за конкретна инсталација.
- Мери димензии и растојанија користејќи мерни инструменти (метар, либела/нивелатор, калап и сл.).
- Подготвува алат и заштитна опрема за безбедна работа.
- Подготвува материјали и компоненти за инсталација.
- Монтира енергетски ефикасни уреди (грејни, ладилни, соларни, вентилациски и сл.).
- Инсталира цевководна и каналска мрежа.
- Поставува термална и акустична изолација во системите.
- Изведува електрични приклучоци на енергетски уреди според прописите.
- Изведува хидраулични приклучоци за соларни и грејни системи.
- Регулира температурни и притисочни вредности кај уреди.
- Врши тестирање за непропустливост на инсталацијата и нејзино затнување.
- Проверува и регулира притисок во системите за греење, вентилација и климатизација.
- Регулира и програмира контролни елементи на системи (термостати, контролери и сл.).
- Користи дигитални алатки и уреди за дијагностика на системите.
- Проверува функционалност на инсталирани системи.
- Открива дефекти или неправилности во функционирањето.
- Отстранува дефекти и заменува неисправни елементи.
- Врши основно одржување на инсталирани уреди.
- Пополнува техничка и сервисна документација.
- Обезбедува заземјување и електрична безбедност на уредите.
- Применува протоколи за безбедност при работа со електрична струја.
- Применува мерки за безбедност при работа на височина.
- Спроведува безбедно ракување со гасови и хемикалии.
- Почитува технички регулативи и стандарди за инсталации.
- Комуницира со корисници за користење и одржување на уредите.
- Демонстрира функционирање на енергетски ефикасен систем на клиент.
- Подготвува предмер и пресметка на материјали.
- Инсталира сончеви колектори и системи за топла вода.
- Монтира топлотни пумпи и ги поврзува со постоечки системи во објектот.
- Регулира проток и температура на водни системи.
- Изведува монтажа на системи за природна и присилна вентилација.
- Приспособува постоечки систем на енергетски ефикасен режим.
- Користи алатки и материјали на економичен начин.

- Складира отпаден материјал по еколошки стандарди.
- Применува мерки за заштита на животната средина при изведба.
- Работи во тим и координира активности со други изведувачи.
- Пријавува ризици и небезбедни состојби.
- Спроведува енергетски преглед и предлог за подобрување.
- Врши замена на филтри, вентилатори и други делови.
- Работи со CAD или BIM програми за визуализација на системот (каде е применливо).
- Анализира потрошувачка на енергија на систем.
- Приспособува конфигурација на систем според просторни ограничувања.
- Ги следи и применува нови технологии во енергетската ефикасност.
- Советува корисници за рационална потрошувачка на енергија.
- Применува процедури за намалување загуби на топлина.
- Избира материјали со ниска емисија на $CO_2$.
- Оценува влијание на инсталацијата врз околината.
- Изведува демонтажа на постоечки инсталации без оштетување на објектот.
- Почитува рокови, квалитет и договорени услови на испорака.

| | |
|---|---|
| **Клучни компетенции** | • **Комуникација на мајчин јазик**: способен е да споделува и протолкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови во усна и во писмена форма и да остварува јазична интеракција со кандидатите и колегите на соодветен и креативен начин во различни општествени и културолошки контекст. Способен е да користи различни видови текстови кои се однесуваат на доменот енергетски ефикасни уреди и системи и да ги формулира и изразува сопствените усни и писмени аргументи на убедлив начин соодветен на контекстот.<br><br>• **Комуникација на странски јазици**: кога постои потреба од користење странски јазик во специфичен општествен и културен контекст поврзан со работата, способен е да разбере, искажува, толкува концепти, размислувања, чувства, факти и ставови и во усна и во писмена форма. Способен е да го користи странскиот јазик за да го следи напредокот во професијата и да ги надградува сопственото знаење и вештините во сферата на енергетски ефикасни уреди и системи.<br><br>• **Математички компетенции и основни компетенции во областа на науката и технологијата**: применува нумеричко размислување и знаење во објаснување и решавање низа задачи за време на секојдневната работа со опремата и администрацијата. Користи и работи со техничко-технолошки алатки, како и податоци за извршување на задачите. Врши собирање на податоци потребни за самоунапредување на полето на машинството.<br><br>• **Дигитални компетенции**: користи основна информатичка технологија за правилно користење на дијагностичките уреди и опремата за работа. Пребарува, собира и обработува дигитални информации и ги користи на критички и систематски начин. Користи алатки за подготовка, презентирање и разбирање на комплексни информации во изведувањето на дејноста на енергетски ефикасни уреди и системи.<br><br>• **Учи како се учи**: способен е да пристапи, стекне, обработи и усвои нови знаења и вештини за цели на личен напредок, како и да ги примени истите за унапредување на струката. Способен е да управува со сопственото учење, кариера и работни рутини. Истраен е во автономното учење, но и во учењето за време на работата со соработниците на полето на енергетски ефикасни уреди и системи. |

| | |
|---|---|
| | • **Социјални/општествени и граѓански компетенции**: во секојдневното опкружување способен е да манифестира лични, интерперсонални и интеркултурни компетенции за конструктивна комуникација со луѓе од различни профили, покажува толерантност, изразува и разбира различни гледишта и создава доверба.<br><br>• **Чувство за иницијатива и претприемништво:** покажува иницијатива за реализирање на важните идеи и нивно спроведување во дела за да се подобрат состојбите. Способен е да ги препознае можностите и да иницира подобрување на состојбите во различни ситуации. Придонесува кон развојот на културата која ги поддржува иницијативите и иновациите и ги препознава различните вештини на сите во рамките на службата.<br><br>• **Културолошка свест и културно изразување**: го препознава и го цени креативниот израз на идеи, искуства и емоции и соодветно ги поврзува со самоподобрувањето. Ги приближува сопствените креативни и експресивни ставови со размислувањата на другите членови во тимот, на нивните семејства и другите колеги и ги изразува на соодветен начин на кој ќе ја подобри нивната добросостојба. |

| | |
|---|---|
| **Посебни услови** | **Работно опкружување и услови за работа:**<br><br>Инсталатерот за енергетски ефикасни уреди и системи ја изведува својата работа во променливи и разновидни услови, на терен и во затворени простории – домови, објекти за домување, деловни простории и индустриски постројки. Работата може да вклучува престој на височина (скали, скелиња, покриви и сл.), во тесни простори, влажни услови или простории со зголемена температура што бара почитување на пропишани мерки за безбедност и здравје при работа.<br><br>Работниот ден може да биде физички напорен, со чести кревање и ракување со алат и опрема, движење и работа во необични позиции на телото. Инсталатерот често работи самостојно, но и во тим со други стручни профили (електричари, мајстори за климатизација, градежници итн.), каде што се потребни развиени комуникациски вештини и способност за координација.<br><br>Работата е ориентирана кон обезбедување квалитетна, безбедна и енергетски ефикасна инсталација на уреди и системи (грејни, ладилни, вентилациски, соларни, топлински пумпи и сл.). Таа вклучува користење на рачни и електрични алати, мерни инструменти, дигитална дијагностичка опрема, како и работа со техничка документација и дигитални алатки.<br><br>Работата подразбира и повремено патување до различни локации вклучително и интервенции во итни случаи. Инсталатерот треба да покаже висок степен на одговорност, почитување на еколошките и безбедносните стандарди, грижа за енергетска ефикасност и постојана подготвеност за учење и следење на нови технологии.<br><br>**Однос со други професии:**<br><br>Инсталатерот за енергетски ефикасни уреди и системи тесно соработува со други професии од областа на градежништвото, електротехниката, машинството, автоматиката и енергетиката. Работи во тим со архитекти, инженери, проектанти, техничари, електричари, мајстори за греење, вентилација и климатизација, како и со надзорни органи и енергетски |

| | |
|---|---|
| | консултанти. Потребна е способност за комуникација, усогласување на активности и разбирање на различни професионални јазици и документација. Инсталатерот мора да има иницијатива и одговорност при координирање на работите на терен, како и способност за приспособување кон интердисциплинарна работа, особено во проекти за енергетска ефикасност и одржлива изградба. |

| | |
|---|---|
| **Законска регулатива, прописи и индустриски стандарди** | 1. Закон за енергетска ефикасност<br>2. Закон за енергетика<br>3. Закон за заштита на животната средина<br>4. Закон за безбедност и здравје при работа<br>5. Закон за работни односи<br><br>6. Европски стандарди (примена во РСМ):<br>- ISO 50001 – Управување со енергетска ефикасност (препораки за систематско подобрување)<br>- EN 12831 – Пресметка на потреби за греење<br>- EN 13141 – Вентилациски системи – барања за функционалност и безбедност |

| | |
|---|---|
| **Донесен од:** | Министерство за економија и труд |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Датум на одобрување** | Решение бр.12-5001/2 од 07.11.2025 година | **Датум на ревизија** | |